Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член ____ став ___ точка ____ од Статутот на општината ________________ ("Службен гласник на општина ______________ бр. _____ ), Советот на општината ________________ на седницата одржана на ден _________ 2004 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНАТА _____

## Член 1

Со оваа Одлука се организира и се уредува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општината ____________ (во понатамошен текст Општинска администрација).

## Член 2

Се организира Општинска администрација за вршење на работи од надлежност на Општината утврдени со Законот за локална самоуправа, посебните закони за одделни области и Статутот на општината.

## Член 3

Општинската администрација:

- ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за советот и за градоначалникот;
- го води сметководството на општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежни органи или врз основа на закон;
- Ракува со документите на општината, и ги чува се до нивно уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија и
- врши и други работи што ќе и ги определи советот и градоначалникот.

## Член 4

Вршењето на стручни, нормативно правни, извршни, управни работи и други работи во рамките на кои општината самостојно одлучува, како и

извршувањето на надлежностите кои и се доверени, општинската администрација ќе го врши директно со извршители распоредени по работни места и звања, согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

Согласно надлежностите на општината и потртебите на граѓаните, а кога ќе се создадат услови, општинската администрација може да се органозира во сектори и одделенија.

Член 5

Извршителите во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник и се распоредуваат и се распоредуваат во следните групи: стручни државни службеници и стручно-административни државни службеници.

Член 6

Стручните државни службеници се основно носители и непосредни извршители на студиско-аналитичките, нормативно-правните, управно-надзорните, информативно-документационите, стручно оперативните, инвестиционите, материјално-финансиските, информатичко-технолошките работи, правни работи во врска со донесување на одлуки, работи на управување на човечки ресурси, други случбени задачи кои по својот вид и карактер се соодветни на овие задачи, и се непосредно одговорни за извршување на наведените задачи.

Член 7

Стручно-административните државни службеници прибираат, изготвуваат и обработуваат податоци по утврдена методологија од надлежност на органите на општината; изработуваат, следат и вршат пресметки на средствата за работа на органот; вршат книговодствено пресметковни на органот, стручно административните работи на органот: вршат канцелариски и архивски работи; други службени задачи; и се непосредно одговорни за извршување на наведените службени задачи.

Член 8

За вработените во општинската администрација кои вршат административно технички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

Член 9

Со општинската администрација раководи градоначалникот на општината.

Член 10

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на општината, со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

Преодни и завршни одредби

Член 11

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлука за основање на управни и административни органи.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавување во Службен гласник на општина _____________.